ќање патни и дневни разноски на лица од оддалечените места и слично.

5. Активност меѓу друштвата во СРМ. Ова досега не било во пракса. Треба новата Управа да изнајде најпогодни, најпривлечни и најкорисни форми за меѓудруштвена активност. На пример, еднодневен симпозиум за историјата на тој и тој регион и сл. Или размена на искуства во наставата.

6. Планирање научна екскурзија по Медитеранот (обврска) со брод кој тргнува од Пиреј и се посетуваат Италија, Франција, Шпанија, Северно-афричките земји, Египет итн.

7. Да се изгласа уште на ова собрание сума од 2 милиони стари динари да остане во резерва и да се троши само со одобрение на Годишното собрание.

8. Да се одвои сума од 600.000 стари динари која ќе биде исклучиво наменета за прослава на 20-годишнината од основањето на историското друштво.

9. Да се продолжи соработката со другите републички друштва и воспостави таква соработка со странски историски друштва, првенствено со тие од соседните земји.

10. Да се настојува инструктивната стручна посета на училиштата да ги преземе Сојузот на историските друштва.

11. Секое друштво да воведе картотека на своите членови, бележејќи ги во неа активностите и успесите на своето членство.

12. Што посвечено и со повеќе предавања во сите школи, во сите одделенија и во секое населено место нашето членство да држи предавања по повод 25 години на ООН што се совпаѓа со оваа година.

Завршувајќи го овој извештај, го молам Годишното собрание да го одобри и да даде разрешница на досегашната Управа.

Во Крушево, 18. IX 1970 г.

Извештајот го поднел претседателот
на Сојузот на историските друштва
на СРМ
Д-р **Александар Апостолов,** вон. проф.

## ИЗВЕШТАЈ

### за работата на редакцијата на списанието „Историја" — орган на Сојузот на историските друштва на СР Македонија за 1969 и 1970 година

Другарки и другари, драги колеги,

Навлегуваме во седмата година од излегувањето на списанието „Историја" — орган на нашиот Сојуз. И во поранешните, а и во овој наш извештај за двогодишната работа, повторно ќе констатираме дека преку овој наш стручен периодичник Сојузот и регионалните друштва на историчарите на Македонија, се афирмира една од значајните, ако не и основните, дејности на Сојузот. Преку него во значителна мера се придонесува на стручното и педагошко-методското усовршување, посебно на наставниот кадар по историја, на нашите членови. Преку ова своевидно себенаоѓање со списанието ја покажуваме нашата зголемена активност и презентирајќи ги

резултатите и покажуваме не само на нашата македонска јавност дека сме израснале и како друштво и како поединци како на историографски план така и на планот на нашата способност да ги третираме и прашањата на наставата по историја.

„Историја“, влијаеше и влијае за позабрзан од на нашата млада историографија, за поевидентно согледување и презентирање на нејзиниот развој зашто, на пример, „Гласникот на Институтот за национална историја“ во некоја рака беше „тесно грло“ и речиси единствено периодично гласило за трудовите на оние кои се бават со проучување на нашето минато. И денес оној кој ја следи македонската историографија, мора да смета и на списанието „Историја“, а нашата научна јавност гледа на списанието како на сериозен и значаен дел од историографската периодика во Македонија.

Особено подвлекуваме дека списанието со своето постоење игра мобилизаторска улога на собирање, т.е. соработка на историчарите (и не само од Македонија) на поширок план на проучувањето на историјата на македонскиот народ, а тоа е тукуречи единствен периодичник во СРМ, кој редовно ја проучува и проблематиката на наставата по историја.

За она, пак што во квантитативна и квалитативна смисла досега сме сториле, презентирајќи ги на нашата јавност нашите резултати на научно истражувачки план, главно на историјата на македонскиот народ и на примената на историската наука на образовно-воспитен план во училиштата, ги потсетуваме присутните на библиографијата на сè она што е објавено во списанието за времето од 5-годишното излегување од бр. 1 (1965) до бр. 10 (1970). Тоа е скромно речено завиден фонд на нашите заеднички резултати и тоа со така широка лепеза на разновидна тематика што дури нè обврзува да ја продолжиме и со ист интензитет и да истраеме во оваа наша работа.

1.

Во почетокот на извештајов не случајно би се задржале на некои прашања за физиономијата и содржината на списанието. Досега тоа не сме го правеле поради релативно кратката временска дистанца од неговата појава. Но овој пат сметаме да го свртиме вниманието на собирот, односно на идната редакција на ова клучно прашање.

При тоа не мислиме дека списанието треба да си ја менува својата физиономија, која е, секако, оформена. Напротив, ние сметаме дека токму досегашното неотстапување од оваа физиономија и нереагирањето во тој поглед на нашето членство, и не само на членството, е веќе една емпирија дека сме на прав пат и дека е најдена неговата правилна насоченост.

Забележуваме дека во земјата тукуречи и не постои стручно списание (по историја) со така широко опфаќање и третман на теми и прашања. Несомнено ова доаѓа оттаму што како орган на едно вакво стручно здружение списанието треба да ги задоволува токму потребите и интересирањето не само на историчарот — научник, туку и историчарот — педагог.

И не само тоа, туку тоа е истовремено достапно и го задоволува

и интересирањето на студентот како на историската група на Филозофскиот факултет така и на соодветните групи на педагошките академии, дури и на нашиот средношколски ученик, а и на секој наш граѓанин кој го следи проучувањето на нашето минато.

И оваа редакција настојувала секој наш историчар да чувствува дека списанието од содржинска гледна точка е „негово", блиско, дека нему е наменето, дека нашите членови, посебно наставниците, имаат в раце едно ефикасно и значајно средство за своето стручно усовршување. А со својата богата содржина тоа како да е и погодно за тоа. Имено, во современата смисла на сфаќањето на стручното образование и усовршување, списанието го содржи единството од овој поим, имено, со истовремено следење на историската наука и методика — зашто едното без другото не може, зашто едното од другото е условено.

И нашата јавност и општественополитичките фактори со особено интересирање го следат секој негов број и со задоволство можеме да констатираме дека од излегувањето во 1965 до денес сме добивале помош, а одзивот во тој поглед е јасен знак на оддавање признание за нашата досегашна работа на овој план.

Како едно од научните стручни гласила списанието „Историја" настојувало редовно да ги презентира во прв ред оние дострели и материјали од минатото на македонскиот народ кои имаат исклучителна важност за нашиот историчар, — наставник.

При тоа се настојувало да бидат опфатени сите делови на Македонија. Во тој поглед сметаме дека третманот на Егејска Македонија е задоволителен, но во пиринскиот дел, особено по 1912/13, не сме ангажирани во доволна мера. Ова произлегува и од немање доволно историчари кои го проучуваат овој период од историјата на Пиринска Македонија. Исто така поредовни треба да бидеме и со објавување прилози од минатото на народностите во Македонија. Ова е од посебно значење зашто ова навлегува и во наши политички задачи. Напомнуваме дека од историјата на турската народност досега, речиси, не сме објавиле ништо, што секако, треба да го евидентираме како една од идните преокупации на новоизбраната редакција.

Понатаму, од посебна важност за нас беа и треба да бидат прилозите со тематика од нашето културно минато, бидејќи сметаме дека нашиот наставник треба сè повеќе да навлегува и во прашањата на културното минато на Македонија, Зашто во наставните содржини по историја тоа се експлоатира во воспитно-образовни цели. За нас тоа е од посебна важност оти културното наследство на Македонија било и е еден од факторите во формирањето на нашата национална психичка конституција, на нашата национална посебност. Затоа и нашиот граѓанин и младите македонски генерации треба да бидат добро информирани за културното богатство што го има нашата родна земја. Оттука треба да се сфати и нашиот манир што ниту еден број не е без вакви прилози. Постоеја всушност, и извесни прилози кои навлегуваат во општо-европската културна исто-

рија, историја на уметноста. Се разбира, во иднина би требало редакцијата да биде позаинтересирана за објавување на оние прилози од оваа тематика но која се однесува пред сè на македонската земја. А согледувајќи ја важноста на овие прилози, редакцијата, со цел да ја дооформи физиономијата на списанието, излегува во бр. 2/70 со уште една рубрика под наслов „Од културното минато“.

Со цел некои од рубриките да бидат поадекватни, се одлучи и од рубриката „Прилози“, да се одвојат оние написи кои се однесуваат на објавени материјали, документи и сл., во посебна рубрика под наслов „Материјали“. Ова, впрочем, и од гледиште што нашиот наставник има потреба од историски текстови, посебно изворни, од фактографски материјал и сл.

Редакцијата, се разбира, беше преокупирана и со други моменти околу содржината на првите две рубрики. На пример, пожелно би било идната редакција да инсистира повеќе на оние прилози од историографијата на Македонија кои се покапитални, клучни и актуелни и да им се дава приоритет.

Колку беше во состојба, редакцијата водеше сметка објавеното да не е повторување во поинаква форма или во скратен вид на она што соодветниот автор веќе го искажал на друго место, во други публикации. Се разбира, овде ги исклучуваме некои објавени прилози кои, иако дошле на свет во друго списание или весник, во списанието се објавени заради нивната исклучителна важност.

Исто така пожелни се и критички осврти. Меѓутоа, овој проблем не бил и нема да биде само на нашата редакција, зашто истиот е од општ карактер. Се разбира, треба да се настојува кон поголема критичност на трудовите. Овде мислиме и на рубриката „Критика и прикази“ каде што може и треба да се објавуваат прилози не само од еден, туку и од двајца, па и повеќе автори на една иста статија, книга и сл. со историска содржина.

Мнозина ни сугерираат да преминеме во првите две рубрики со резимеа на статиите на еден од странските јазици. Тие сметаат дека нашето списание е зрело за тоа и дека од тоа ќе зависи и пласманот, зголемување на интересентите за следење на списанието надвор од нашите граници, дека со тоа ќе се прошири размената со странство.

Тоа е неоспорно и за тоа редакцијата размислуваше сериозно, но прашањето е сврзано и со материјални тешкотии. Но сметаме дека ако сè уште не ќе бидеме во состојба клучните прилози да бидат со резимеа на странски јазик, идната редакција не би ѝ пречело содржината на секој број да ја објавува и на едниот од главните странски јазици.

Од посебно значење се прилозите кои се однесуваат на наставата по историја.

Несомнено треба да нè радува фактот што сме се зафатиле со посериозното и постојаното поставување и третирање на одделни прашања од методиката на наставата по историја со научно-стручен приод.

Новата редакција ќе мора и натаму да посветува особено внимание на прилозите по методика и наставната практика, како во поглед на

запазувањето на континуитетот и актуелноста, така и во поглед на стручната издржаност со особено свртување на вниманието кон методската обработка на наставниот материјал од историјата на македонскиот народ. Последново е наша посебна обврска, зашто отворено треба да се констатира дека сè уште сме далеку од тоа македонската историја да е обработена на научно-стручен план како воспитно-образовна содржина, т.е. како наставен материјал.

За тоа треба да бидеме свесни за задачите кои во тој поглед ни претстојат. Зашто ако ние самите не работиме на методиката на наставата по историја на македонскиот народ, тоа никој друг нема да го стори. А условите за одбележување на подобри успеси во овој поглед денес се поповолни одошто било кога, како што се напредокот и евидентните резултати на македонската историографија, посебно излегувањето од печат на тротомната историја на македонскиот народ. Оттука произлегува потребата од ангажирање на потенцијални сили, т.е. на лица кои попостојано се бават со оваа проблематика, да соработуваат со идната редакција, т.е. почесто да се јавуваат во списанието со свои прилози од оваа тематика. Важно е притоа и друштвата како и просветните советници по историја при заводите за школство да ѝ даваат помош на идната редакција со поредовно испраќање на соодветни прилози за списанието.

Не е излишно да напоменеме дека постојат симптоми на посредно или непосредно потценување на оваа дејност и нејзините резултати. Но барајќи уште еднаш разбирање и поддршка за оваа пионерска и заслужна работа кај нас, би ги потсетиле оние — заради кои исклучиво се запираме на оваа појава, — на зборовите на Доситеј Обрадовиќ, кој на таквите во свое време им ја упатил својата порака дека се „ситни оние кои работата на наставникот ја сметаат за ситница!“

На овој план мораме да забележиме дека тешко се одржува и рубриката „Прашања и одговори“ која првенствено е наменета на колегите — практичари кои секојдневно се судруваат со разновидни проблеми сврзани со наставата, свесни дека таа напорна работа бара целосно и перманентно ангажирање на интелектот и сета личност на наставникот. Оваа рубрика токму ним треба да им помогне, дури смислата на истата во извесна мера е содржана и во смислата на самото списание. Та затоа би сакале нашите колеги во иднина повеќе и поредовно да се обраќаат до идната редакција, свесни оти одговорите на поставените прашања не биле и нема да бидат наменети само на наставникот што го поставил прашањето.

Во секој случај со оваа напомена имаме намера оваа рубрика по секоја цена да се одржи, оти нејзиното постоење е одраз и мерило на тоа колку сме и ние самите преокупирани со нашите професионални проблеми на стручен и педагошко-методски план, или каков е нашиот однос спрема една дејност која по својата природа е динамична, подложна на промени и актуелности и спрема тоа чии што проблеми се како извор. Впрочем, за обраќање до редакцијата со трезвено обмислени и важни прашања не е потребно многу време или некој исклучителен напор.

Мораме да одбележиме дека некои рубрики одвреме навреме ги застапуваме. На пример, рубриката „Од дејноста на друштвата“ за која недостасуваат редовни дописки. Ние сметаме дека не е потребен коментар за податокот: самите друштва на историчарите за презентирање на својата дејност, за измена на заемни искуства и сл. да не го користат својот орган.

Со рубриката „Прикази и критика“ се настојувало во неа да имаме што побогат избор на прикажани книги, дела и на стручна периодика, зашто бевме свесни оти токму преку ваквата информираност на нашиот член и претплатник секогаш му овозможуваме на еден рационален и практичен начин да биде во тек со современите преокупации и развојот во прв ред на историографијата која е во тесна врска со историјата на Македонија, на македонскиот народ, да биде запознат со најновата литература од својата струка и посебно на содржините на оние историски списанија во кои ќе може да најде и соодветни статии од прашањата кои го интересираат. Меѓутоа, сметаме дека во иднина би требало да има повеќе систематичност, редовност на приказите во оваа рубрика, особено за списанијата во земјата и странство. Значи, не сме за тоа да има случајности во изборот на она што треба да се прикаже особено од периодиката.

Содржината на одделните броеви ние како и досега ја комплетиравме спрема пристигнатиот материјал, а не со однапред планирана содржина. Се разбира, извесен исклучок се определените јубилеи, при што сме настојувале со пригодни статии и прилози да најдат свое одбележување и во органот на Сојузот.

Несомнено е дека квалитетот на прилозите сѐ повеќе се подобрува. Се разбира, навистина и кај нас се провлекоа и одделни слаби прилози. Впрочем, проблемот на неизедначениот квалитет на трудовите постои. Но редакцијата смета дека овој постојан проблем и кај другите слични редакции, ние побезболно го решаваме со диференцијација на рубриките спрема кои се определуваат самите прилози.

Несомнено е дека новоизбраната редакција ќе треба и натаму да работи на квалитетот на списанието, зашто на тоа обврзуваат низа околности и положбата во која се наоѓаме со оглед на антимакедонската и антијугословенската кампања од политичкото и државно раководство на источниот сосед. Потребата ова списание да биде на висина, произлегува, меѓу другото, и од интересот што се засили кон нас, кон Македонија и македонската историографија.

Напоменуваме дека редакцијата губи многу драгоцено време, дури е принудена на непредвидени и излишни расходи, поради тоа што добиваше и ракописи кои се лошо редигирани, некорегирани, лошо отчукани, со погрешно одбележан и неуреден апарат, со мошне лош јазик, правопис и друго. А сме наоѓале дури и на материјални небрежности односно фактографски пропусти кај самите автори. Сметаме дека не е потребен коментар за таквите ракописи.

2.

Поставувајќи го прашањето на соработката, досегашната редакција, пред сѐ, би сакала на ова место да

се заблагодари за соработката, односно одзивот од секаков вид. Овде, се разбира, мислиме на соработниците од нашата — македонска средина. Но сепак, ќе мораме да одбележиме дека одреден број научни работници — историографи од СР Македонија, досега сосема недоволно или воопшто не соработуваат во „Историја". Треба секако на овој собир да се бара одговор на оваа навистина неразбирлива појава. Во секој случај, идната редакција би требало да го има предвид ваквиот однос на поединци спрема „Историја", да ги изнајде причините за да го зголемува бројот на соработниците од нашата средина.

Ние на секое наше двегодишно собрание, во извештаите, а и во дискусиите, сме апелирале кон соработка во списанието по наставната проблематика. Тоа и овој пат го акцентираме, овој пат посебно апелирајќи до соодветните наставници по методика од педагошките академии за учество во соодветните рубрики со прилози од својата проблематика.[1])

Како што е коментирано погоре, бројот на соработниците од народностите исто така е недоволен.

Како поранешните, така и оваа редакција се стремеше во поглед на соработката да воспостави и одржува контакти и со странство. Таа соработка идната редакција ќе мора уште повеќе да ја зголемува од многу причини. Сметаме оти ќе треба во иднина да ја прошириме соработката со историчарите од другите братски републики, повеќе одошто досега. Дури како повеќе да сме биле заинтересирани да привлечеме соработници од странство, одошто историчари — соработници од другите наши културни центри. Зашто за нас ќе биде од особена голема корист и важност во прашањата на македонската историја да бидат ангажирани и историчари-научници од другите наши братски народи.

Како редакција, која е подложна на критики, посебно за нејзиниот однос спрема соработниците, должни сме да го известиме собранието дека сме настојувале да имаме коректен однос спрема соработниците, не навредувајќи ја нивната суета. Токму во тој поглед редакцијата досега не добила од нив ниту една званична — писмена жалба или приговор во тој поглед. Таков став и однос на редакцијата произлегувал од желбата да се создаде клима на доверба, на толерантен и колегијален однос, сакајќи да се сфати дека списанието не е ничиј монопол, туку дека му припаѓа на сето членство на Сојузот и надвор од него. Притоа ние го поддржуваме непи-

[1]) Ние минатиот пат предложивме еден од наставниците од педагошките академии да биде вклучен во составот на редакцијата, како би преку него тие биле поблиски до списанието и понепосредно се почувствуваат обврзани за попостојана соработка. Нивното учество како потенцијални соработници го сметаме особено важно, и сметаме дека собранието овој пат ќе ја усвои оваа повторена сугестија, иако минатиот пат ни беше одбиена. А кај нас, во републиката, постојат три педагошки академии, со соодветни катедри по методика. Ова дотолку повеќе што сме дури и должни посебно внимание да ѝ посветиме и достојно место ѝ дадеме токму на методиката на наставата по историја во основното училиште. Тоа го бараат нашите општи потреби, за кои говоревме погоре, а посебно нашите колеги кои изведуваат настава во овие училишта.

шаното правило: соработката да не смее да зависи од односите во редакцијата, на случаи на заострени меѓусебни лични односи и сл. Зашто има симптоми одделни научни работници да не соработуваат или да не се поканувааат на соработка поради лична нетрпеливост и сл.

Постоеја инсистирања од одделни автори за објавување на нивните прилози, за кои редакцијата сметала дека ќе треба да се преработат или изменат некои ставови. Но преку меѓусебни и непосредни контакти и пријателски убедувања таквите случаи се регулирани на задоволителен начин за обете страни.

8.

До крајот на 1969 година редакцијата работеше во полн состав, кога Д-р Христо Андонов Полјански поднесе оставка од здравствени причини и се повлече од должноста главен и одговорен уредник и како член на редакцијата. Останатите членови на редакцијата изразија жалење за тоа што мораа по долгогодишна соработка да се разделат од Д-р Полјански, а се надеваме дека со тоа ќе се сложи и собранието — нему како на главен и одговорен уредник на нашиот периодичник, да му се оддаде признание за неговиот петгодишен труд и залагање за успехот на овој наш заеднички потфат. Досегашните резултати на овој редакциски тим секако се должат и на неговото сесрдно, активно, акуратно, педантно залагање и како уредник и како редовен соработник со своите прилози. Исто така се надеваме дека тој и натаму ќе соработува во органот на нашиот Сојуз.

По оставката на главниот и одговорен уредник, редакцијата во договор со управата на Сојузот одбра нов главен и одговорен уредник, се разбира, до наредното собрание на здружението. Исто така редакцијата не најде исклучителна потреба да кооптира нов член на редакцијата со оглед на претстојното годишно собрание. Впрочем, тоа и не ѝ пречеше на нормалната работа на редакцијата што ги подготви бр. 1 и бр. 2 за 70 г.

Со оглед на карактерот и физиономијата на списанието, во кој се објавуваат материјали од две дисциплини, посебно и од методика, ние би сугерирале во идната редакција да биде посебно задолжен (било како помошник или како заменик на главниот и одговорниот уредник) по оваа проблематика еден од членовите на редакцијата. Впрочем ваква беше и досегашната практика. Ова би допринело за посебна грижа и одговорност по однос на соодветните прилози.

Покрај редовната работа редакцијата мораше да решава и некои исклучителни и неодложни задачи пред кои беше исправена.

Една од нив е донесување правилник за наградите што досега не беше сторено. Правилникот е одобрен и парафиран од Управата на Сојузот. Имено, тоа беше сторено кај нас согласно со општото покачување на авторските хонорари што е од посебно значење за правилна награда на трудот. Затоа очекуваме дека зголемувањето на авторскиот хонорар за 100% позитивно да се одрази врз квалитетот на прилозите и на привлекување поширок круг соработници. Со истиот правилник истовремено ги изедначивме наградите на членовите на редакцијата со другите слични редакции.

Една од преокупациите на редакцијата беше и прашањето на финансирањето поради тоа што Фондот за унапредување на издавачката дејност при Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура годинава за прв пат ни ја скрати помошта за онолку колку изнесува помошта од Фондот за потпомагање дејноста на општествените организации при ГО на ССРНМ. Ова нѐ постави пред исклучителни тешкотии така што редакцијата мораше да поднесе неколку жалби дури и до Извршниот совет на Народното собрание на Македонија. Истовремено се обративме за материјална помош и до Управата на Сојузот која ѝ додели на редакцијата наменски 10.000 динари за покривање на печатарските трошкови за бр. 1/70 година за што ѝ се заблагодаруваме. Во меѓувреме редакцијата се обрати и до политичките форуми во Републиката од каде е ветено дека ќе ни се излезе во пресрет на барањето.

Наш предлог на ова собрание во врска со ова прашање би бил во иднина материјалната грижа за списанието да се препушти на Управата на Сојузот и со тоа редакцијата да се ослободи од овие преокупации.

Нашето списание има завиден тираж. Годинава по претходната анкета што ја извршивме (пред да излезе бр. 1/70) барањата изнесуваа над 4.200 примероци. Меѓутоа, плашејќи се дека не ќе можеме да ги покриеме материјалните трошкови на волкав тираж моравме да го зголемиме тиражот од 3.000 на 3.500 примероци, така што пак сосема не ги задоволивме интересентите.

Ние сме согласни и натаму списанието да го пласираме меѓу нашата студентска и училишна младина, кон што би требало да настојува и новоизбраната редакција. Меѓутоа, списанието треба во прв ред да го шириме сред нашите колеги — историчари. Зашто ако меѓу бројот од 800 претплатници ја согледаме структурата, ќе видиме дека не сите колеги — историчари и членови на Сојузот се претплатници. Покрај тоа, мал е бројот и на училиштата — претплатници.

Сепак, во овие околности со растурањето на списанието треба да бидеме задоволни. Посебно за тоа имаат заслуга одделни колеги соработници кои се покажале мошне ревносни во таа работа. За тоа треба редакцијата и собранието искрено да им се заблагодари, истовремено напомнувајќи дека наспроти таквите волонтери има и школски средини односно историчари-наставници во истите кои од излегувањето на првиот број не растуриле ниту еден примерок на „Историја“. Такви ги има и во Скопје.

За пропагандата и растурањето на списанието особено значајна улога треба да имаат регионалните друштва на историчарите, зашто на тој начин ќе го одржиме тиражот, доколку ја зголемиме цената на претплатата.

И покрај извесните резултати наше мислење е дека е сѐ уште недоволна размената и пласманот на списанието во странство. Треба сериозно да се размисли и за ширење и популаризирање на ова наше гласило меѓу македонските иселенички маси посебно во Северна Америка и Австралија.

Со оглед на ниската цена на претплатата досегашната редакција

е слободна да предложи ново покачување на претплатата и тоа: за студенти и ученици 3,50 или 4 динари од број; за членови 7 или 8 динари од број; годишната претплата да изнесува 15 до 16 динари, а за установи 10 динари од број, а претплата 20 динари; претплатата за странство да изнесува 30 динари.

Сметаме дека собранието би можело да заклучи во иднина да се ополномошти управата на предлог на редакцијата да може да парафира евентуално ново изменување на висината на претплатата, се разбира, ако за тоа се укаже исклучива потреба.

Во врска со техничката страна редакцијата најде за потребно по петте години од излегувањето на списанието „Историја" да го задржи постојниот формат, уметничкиот изглед, корицата и бојата, меѓу другото и заради стандардот и традицијата. Во технички поглед сметаме дека списанието е на задоволителна висина, а и преломот е исто така добар.

Но како и другите слични списанија така и нашето трпи од несолидна коректура. Тоа прашање се провлекува со години. Годинава настојувавме да го избегнеме големиот број на грешки во текстовите кои многу му пречат на угледот на списанието. Сметаме дека идната редакција би требало да обезбедува и стручна коректура на текстовите.

Во извештајот што ви го поднесува досегашната редакција го покренува и прашањето за обезбедување сопствени простории со најнеопходен сопствен инвентар. И покрај тоа што сите броеви се исцрпени — сепак треба да се мисли за магацински простор. До извршувањето на дистрибуцијата нам ни стојат примероците во незаклучени простории и ормани, потоа, резервните примероци од сите броеви од година в година се зголемуваат, а редакцијата нема ниту еден свој орман. Сето се позајмува привремено од Катедрата за историски науки при Филозофскиот факултет. А во секој момент деканатот односно Катедрата може да ги посака, бидејќи тие исто така имаат потреба од ормани за книги.

Би апелирале до новоизбраната редакција од идната управа на Сојузот да бара да практикува на претставниците на редакцијата да им се овозможуваат и обезбедуваат контакти на оние состаноци, конференции, средби, конгреси и сл., кои се од значење за извесна определена ориентација во поглед на можноста за понепосредни согледувања на актуелните наши и општествени задачи и насоченоста на научен, национален, политички и воопшто на културен план, бидејќи тоа досега не беше практикувано.

Во оваа смисла слободни сме да сугерираме и на потребата од повремени состаноци на управата со редакцијата за регулирање и меѓусебно договарање по низа задачи и прашања од заеднички интерес. Иницијативата во тој поглед треба да доаѓа од обете страни.

Со горното редакцијата смета дека си ја изврши успешно и доследно и овој пат доверената задача од највисокиот форум на Сојузот на историчарите на Македонија и го моли за разрешница.

Крушево, септември 1970

За Редакцијата

Главен и одговорен уредник,

**Д-р Војо Кушевски**